РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1019/1
12.02. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и шестата седница одржана на ден 07 февруари 2020 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по предметот број 09-1095/1 од 07.03.2019 година, поради што предметот се затвора и архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на сознанија од медиумите во Република Северна Македонија оформен е предмет број 09-1095/1 од 07.03.2019 година за постоење судир на интереси за поранешниот министер за локална самоуправа Сухељ Фазлиу, бидејќи имал влијание при вработувањето во Влада на Република Северна Македонија на својата сестра, Верда Фазлиова.

Согласно своите надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Влада на Република Северна Македонија, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси. Од увидот во документацијата, се утврдени следниве состојби:

Лицето Верда Вазлиова е отстапена на Генералниот Секретаријат преку Агенцијата за привремени вработувања СПИД за период од 04.05.2018 до 31.12.2018 година и за период од 01.01.2019 година до 30.04.2019 година. Истото лице своите работни задачи ги извршува во Кабинетот на министерот без ресор задолжен за странски инвестиции, Аднан Ќахил.

Во конкретниот случај не е искористено дискреционо право при постапка за вработување на лицето Верда Фазлиова, уредено во член 63 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поради фактот што Верда Фазлиова е ангажирана во Генералниот Секретаријат во Влада на Република Северна Македонија постојат основи за сомневање за влијание од поранешниот министер за локална самоуправа Сухељ Фазлиу, при вработувањето на својата сестра, но поради начинот на кој се спроведува таа постапка согласно Законот за


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

агенциите за привремени вработувања, без јавен оглас, без можност за конкуренција, Државната комисија не е во можност да го утврди потенцијалното влијание и нема законски можности за натамошно постапување и преземање мерки кон наведените лица.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Во оваа прилика Државната комисија укажува дека ваквиот принцип на избор на лица кои ќе бидат ангажирани во Генералниот Секретаријат во Влада на Република Северна Македонија, преку агенции за привремени вработувања, создава простор за влијание при вработување, состојба на непотизам, клиентелизам и кронизам, ги нарушува основните уставни права на граѓаните.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Станка Милановска
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk